РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1889/1
04-05-2026

Врз основа на член 22 и чл.23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на 31 -ва седница одржана на ден 22.04.2026 година донесе

## *Одлука*

Постапката по предметот со број 08-5489/1 од 03.12.2019 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Предметот со број 08-5489/1 од 03.12.2019 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## *Образложение*

Предметот со број 08-5489/1 од 03.12.2019 година е оформен по анонимна пријава доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата по електронски пат односно на емаил. Во пријавата е наведено дека ------------------- ----- -----------, ------------------- и -------------------- и --------------- ------------------------- во анкетните блистови доставени до Државната комисија за спречување на корупцијата немаат пријавено промени на имотна состојба кои произлегуваат од добиени дополнителни приходи и хонорари видливи од податоците објавени на open.finance.gov.mk.

Државната комисија за спречување на корупцијата се обрати до Министерството за финансии и ги обезбеди податоците за лицата кои се наведени во пријавата а кои се однесуваат на периодот од 01.01.2015 година до 01.07.2020 година.

Согласно со чл.41 став 1 и 4 од Законот за прекршоците ( „Службен весник на РСМ“ бр. 96/2019 и 253/2023, Прекршочната постапка не може да се поведе ниту да

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

се води ако поминат две години од денот кога е сторен прекршокот. Застарувањето на прекршочното гонење започнува од денот кога е сторен прекршокот.

Во конкретниот случај, образец за промена на имотна состојба лицата наведени во пријавата имале обврска да доставaт 30 дена од денот на стекнување на дополнителните приходи и хонорари. Имајќи предвид дека се изминати повеќе од две години од денот кога е сторен прекршокот, а прекршочна постапка против сторителот на прекршокот не е поведена, настапила застареност на прекршочното гонење, поради што прекршочна постапка не може да се поведе ниту да се води.

Од наведените причини, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Претседател,

Адем Чучуљ

**Изготвил:** м-р Б.С., советник
**Контролирал:** м-р Н.Т-М, раководител на одделение
**Согласен:** К.З, раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.ХН.. -член/anëtar